**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Број 07-1594/1**
**28.05.2013 година**
**С к о п ј е**

**До**
**Членовите на Советот на**
**Општина Ѓорче Петров**

Врз основа на член 37 став 2 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 5/06) и член 3 став 1 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 12/06), се донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на Четвртата Седница**
**на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Ја свикувам Четврата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров.

Седницата ќе се одржи на ден **07.06.2013 година (петок),** со почеток во **10,00** часот.

За седницата се предлага следниот:

**Д н е в е н   р е д:**

1. **Предлог-Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно деловна зграда во Општина Ѓорче Петров;**

2. **Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План населба Хром-дел од блок 5, Општина Ѓорче Петров-Скопје;**

3. **Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година;**

4. **Предлог-Одлука за измена и дополна на Одлуката за утврдување на стапките за даноци на Општина Ѓорче Петорв;**

5. **Предлог-Одлука за набавка на нови патнички моторни возила**

6. **Предлог-Одлука за набавка на половно товарно возило-кипер;**

7. **Предлог-Одлука за единствен износ на надоместокот за извршена работа во подготовка и спроведување на Локалните Избори 2013 година;**

8. **Предлог-Одлука за формирање на Локален Совет за Превенција;**

9. **Предлог-Одлука за покренување на иницијатива за организирање на подрачно училиште во состав на ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“;**

10. **Предлог-Одлука за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во училишните одбори во основните училишта во Општина Ѓорче Петров :**

- **ОУ „Ѓорче Петров“;**
- **ОУ „Мирче Ацев“;**
- **ОУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“;**
- **ОУ „Страшо Пинџур“;**
- **ОУ „Тихомир Милошевски“;**
- **ОУ „Јоаким Крчовски“;**

11. **Предлог-Одлука за именување на претставници од Општина Ѓорче Петров во Управниот одбор во ЈОУДГ „Росица“-Општина Ѓорче Петров;**

Ве молиме за присуство на седницата, а во случај на спреченост известете на тел.2039-307 или 2044-411, Одделение за Нормативa.

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**